# ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕ СПРОВЕДЕНА ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН ВО ПРВО ПОЛУГОДИЕ 2018 ГОДИНА

*Промоцијата на здравјето* на населението на подрачјето што го покрива Центарот за јавно здравје Скопје и во првото полугодие во 2018 година продолжи со здравствено-едукативни активности согласно задачите на Националната годишна програма за јавно здравје на Р. Македонија за 2018 година и според Предлог-годишниот план за промоција на здравје на Центарот за јавно здравје Скопје.

Едукациите се спроведуваа согласно Планот за работа и Националната годишна програма за јавно здравје во основните училишта, средните училишта, во установи за згрижување на мали деца и во установи за згрижување на стари лица, како и по нивно барање, но во координација со општините на Градот Скопје.

За таа цел се спроведуваше здравствена едукација на сите популациони групи со одржување на предавања, трибини, индивидуални и групни едукации на населението.

Беа посетени **16 основни училишта** и подрачни единици, **6 средни училишта**, **три детски градинки** и **две установи за згрижување на стари лица**.

Едукација се спроведуваше и во Центарот за јавно здравје Скопје, во Советувалиштето за откажување од пушење и во Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје.

Исто така , доктори специјалисти, дипл. педагог и дипломирани социјални работници вработени во ЦЈЗ Скопје учествува на едукативни обуки, работилници и други семинари во и вон Центарот за јавно здравје Скопје.

Начелно, во Скопскиот регион едукациите во ***<u>основните училишта</u>*** беа реализирани со **478 предавања** со опфат на **7788 ученици**.

На *подрачјето на Скопскиот регион, во **<u>средните училишта</u>** беа одржани **347 предавања со опфат на 4174 ученици***.

Во ***<u>предучилишните установи</u>*** за згрижување на мали деца од една до шест години беа опфатени ***1821 дете со одржани 120 едукации***.

Беа одржани ***две предавања на 95 стари лица*** во два старски дома за згрижување на стари лица.

Во *основните и средните училишта* беа одржани вкупно ***14 трибини*** со опфат на ***383 ученици*** на теми поврзани со едукативните предавања.

Во првото полугодие беа посетени два дома за згрижување на стари лица со опфат на 95 лица.

Во **<u>Советувалиштето за откажување од пушење при Центарот за јавно здравје Скопје</u>**, беа одржани *8 групни предавања* и беа анкетирани *104 лица*, но *за индивидуални едукации немаше интерес*.

Екипа од ***<u>Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје</u>*** **<u>при Центарот за јавно здравје Скопје</u>** посети *три средни училишта* во градот Скопје во кои беше спроведено *анкетно истражување на 120 ученици и беа дадени 140 совети* на теми поврзани со сексуално и репродуктивно здравје.

Исто така, во координација со педагошко-психолошката служба на соодветните <u>средни училишта</u> им *беа поделени 540 кондоми*.

# I Здравствена едукација на предучилишни деца

Во општина Бутел и општина Чаир беа посетени јавни детски установи за згрижување на предучилишни деца со опфат на 1821 дете со одржани 120 предавања на темите „Лична хигиена” и „Исхрана - Здрави училишни оброци”. Предавањата беа одржани во ЈУДГ „11 Октомври”, ЈУДГ „Снежана” и ЈУДГ „Фидани”.



**ЈУДГ „ФИДАНИ“, ОПШТИНА ЧАИР**

# II Здравствена едукација на ученици во основните училишта

Во основните училишта беа одржани вкупно 478 предавања со опфат на 7788 ученици. Предавањата беа одржани во општините: Аеродром, Гази Баба, Карпош, Илинден, Кисела Вода, Центар, Шуто Оризари, Сарај и Чучер Сандево, во следните училишта:

- Ц.О.У. „Гоце Делчев”, општина Аеродром
- П. О.У. „Гоце Делчев”, општина Аеродром
- О.У. „Ѓорѓија Пулески”,  општина Аеродром
- О.У. „Браќа Миладиновци”, општина Аеродром
- О.У. „Кирил и  Методиј”, општина Гази Баба
- П. О.У. „Кирил и  Методиј” општина Гази Баба, с. Страчинци
- О.У. „Аврам Писевски”, општина Карпош
- О.У. „Гоце Делчев”,  општина Илинден
- О.У. „Ристо Крле”,  општина Илинден
- О.У. „Кирил Пејчиновиќ”, општина Кисела Вода
- О.У. „Св. Климент Охридски”,  општина Кисела Вода
- О.У. „Гоце Делчев”,  општина Центар
- О.У. „Дитурија”,  општина Сарај
- О.У. „Емин Дураку”,  општина Сарај
- О.У. „Александар Урдаревски”,  општина Чучер Сандево
- О.У. „26 јули”,  општина Шуто Оризари






**О.У. ЃОРЃИЈА ПУЛЕСКИ,  ОПШТИНА  АЕРОДРОМ**



**О.У. ,,ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ”, ОПШТИНА ЦЕНТАР**

Во споменатите училишта предавањата беа одржани на следните теми:

- Лична хигиена
- Превенција од небезбедна вода за пиење
- Исхрана – здрави училишни оброци
- Здравствен бенефит од редовни физички активности
- Болести на зависност
- Социјално-медицински аспекти на пушењето

## III Здравствена едукација на ученици во средните училишта

Одделението за социјална медицина преку Отсекот за промоција на здравјето, здравствено воспитната активност ја спроведуваше и во средните училишта во градот Скопје.

За таа цел во првото полугодие од 2018 беа посетени следните средни училишта: СУГС „Зеф Љуш Марку“ во општина Бутел, СУГС „Димитар

Влахов“ во општина Аеродром, ДУФК „Методија Митевски Брицо“, СУГС „Раде Јовчески Корчагин“ во општина Центар, СОСУ „Илинден“ во општина Илинден, и АСУЦ „Боро Петрушевски“ во општина Гази Баба.

Во споменатите училишта беа одржани вкупно 347 предавања со опфат на 4174 ученици.

Предавањата беа одржани на следните теми:

- Исхрана - Здрави училишни оброци
- Сексуално-преносливи инфекции и
- СИДА




**СУГС ЗЕФ ЉУШ МАРКУ,**
**ОПШТИНА БУТЕЛ**



**АСУЦ БОРО ПЕТРУШЕВСКИ,**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**




**СУГС РАДЕ ЈОВЧЕСКИ КОРЧАГИН,**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР**

## IV Одржани трибини во основните и средните училишта

Во првото полугодие од 2018 година беа одржани 14 трибини во општините Аеродром, Бутел, Гази Баба, Карпош, Центар, Сарај, Чучер Сандево и во Шуто Оризари во следните училишта:

- Ц.О.У. „Гоце Делчев", општина Аеродром (1)
- О.У. „Браќа Миладиновци", општина Аеродром (1)
- СУГС „Димитар Влахов", во општина Аеродром (1)
- СУГС „Зеф Љуш Марку", општина Бутел (1)
- АСУЦ „Боро Петрушевски", општина Гази Баба (1)
- О.У. „Кирил и Методиј", општина Гази Баба (1)
- П.О.У. „Кирил и Методиј", општина Гази Баба, с. Страчинци (1)
- О.У. „Аврам Писевски", општина Карпош (1)
- О.У. „Гоце Делчев", општина Центар (1)
- О.У. „Дитурија", општина Сарај (1)
- О.У. „Емин Дураку", општина Сарај (1)
- О.У. „Александар Урдаревски", општина Чучер Сандево (1)
- О.У. „26 јули", општина Шуто Оризари (2)

Беа одржани предавања со интерактивно учество на учениците на следните теми:

- Сексуално-преносливи инфекции
- Болести на зависност
- Здравствен бенефит од редовни физички активности
- Исхрана – здрави училишни оброци
- Пушењето и младите
- Исхрана и здравје
- Лична хигиена

На предавањата се користеа здравствено-воспитни средства (брошури и флаери) изготвени од Отсекот за промоција на здравјето при ЦЈЗС како и

пропаганден материјал од Министерство за здравство и од Институтот за јавно здравје на РМ.

## V Во состав на Одделението за социјална медицина функционираат две Советувалишта :

-Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје и

-Советувалиште за откажување од пушење.

## Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје

Во првото полугодие од 2018 година во Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје беа одржани 4 предавања на следните теми:

- Сида (2)
- Сексуално преносливи инфекции (2)

Од Центарот за јавно здравје Скопје беа посетени три средни училишта во Скопје со опфат на 120 ученици кои пополнија анкетни прашалници за сексуално и репродуктивно здравје на кои понатаму се изврши евалуација.

Поради интерес на учениците беа дадени вкупно 140 совети од споменатата област. Исто така, беа поделени 200 брошури на следната тема: Најчести прашања и одговори за Вашето сексуално и репродуктивно здравје.

## Советувалиште за откажување од пушење

Во Центарот за јавно здравје Скопје, во Советувалиштето за откажување од пушење во првото полугодие на 2018 година нема интерес од клиенти за откажување од пушење.

Бидејќи во Центарот за јавно здравје Скопје се одржуваат Обуки за основни знаења за безбедност на храната, Одделението за социјална медицина

организира секоја група која е на едукација да слушне по едно предавање за штетните ефекти од пушењето.
За таа цел беа одржани осум предавања, а воедно се изврши анкетно истражување за пушењето. Во првото полугодие 2018 година за спомената цел беа опфатени 104 клиенти.

Исто така, клиентите беа поканети да го посетат Советувалиштето за откажување од пушење, да донесат самостојна одлука за започнување со откажување од пушење со помош на индивидуална едукација и третман со метод кој го спроведува тим од лекар и медицинска сестра.

## VI Превенција и унапредување на здравјето на стари лица

Стручни лица од Центарот за јавно здравје Скопје во Установите за згрижување на стари лица ПУСЗ „Елисавета“ и ПУСЗ „Вита Ве“ одржаа предавања на тема „Унапредување на здравјето на стари лица”. Со овие предавања беа опфатени вкупно 95 стари лица.



**ПУСЗ ВИТА ВЕ ОПШТИНА БУТЕЛ**

## VII Изготвен едукативен материјал

Во првото полугодие од оваа година се изготвени две брошури на следните теми:

1. Педагогот и неговата улога во унапредување на здравјето на децата
2. Пасивно пушење и децата

ЈУЛИ 2018, Скопје

**Изготвил**: Прим. д-р сци. Персида Малинска, Специјалист по социјална медицина со организација и економика на здравствена заштита, Шеф на отсек,